Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Republic of North Macedonia

**COMMISSION FOR RELATIONS WITH RELIGIOUS COMMUNITIES AND GROUPS**

Бр. 03-318/1

Скопје, 19.05.2026

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 58 / 00 ... 121/24), а согласно член 11 став 2 од Правилникот за користење на средствата за репрезентација во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи бр. 01-31/1 од 09.01.2018 година, Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОДАРОЦИ КАКО СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

1. Комисијата за доделување на подароци како средства за репрезентација, се формира од редот на вработените, со задолжение да ја утврдува потребата и деловниот интерес од подарувањето, видот на подарокот, како и причините поради кои истиот се доделува.

2. Комисијата одлучува самостојно, односно подарокот го избира во договор со Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

3. Комисијата од член 1 на ова Решение, одлучува по заклучок на претходно одржан состанок за кој води записник и истото има обврска да го достави до директорот на понатамошно одобрување.

4. Како членови на Комисијата за доделување на подароци како средства за репрезентација се назначуваат следните административни службеници:
   - Петар Петковски – советник
   - Огнен Коцевски – соработник
   - Бесим Мемеди – помлад соработник

5. Заменици членови на Комисијата од став 4 од ова Решение се назначуваат дополнително, единствено во случај на отсуство на некој од членовите на Комисијата (годишен одмор или боледување).

6. Комисијата внимава подароците да го штитат угледот и достоинството на институцијата и на лицето кое го прима подарокот, а притоа истите да не бидат на поголем неоправдан товар на институцијата.

Директор
Оливера Трајковска

Доставено до:
- Именуваните
- Архива